# ПроКредит Банка акционерски влог

**Земја:** Регионален проект
**Број на проект:** 54191
**Деловен сектор:** Финансиски институции
**Вид на инвестиција:** Приватен сектор
**Еколошка категорија**: Финансиски институции
**Датум на одобрување:** 10 Март 2023 година
**Статус: Потпишан**
**Објава на Резимето на проектот на англиски јазик:** 17 Март 2023
*Согласно секција 3, параграф 2.6 од Директивата за Пристап до информации, објавувањето на ова Резиме на проектот е направена согласно параграф 1.4.4 од Директивата за Пристап до информации.*

## Опис на проектот

Проектот се однесува на последователно финансирање во акционерскиот капитал, каде ЕБОР ќе превземе дополнитени 5 отсто од влогот во ПроКредит Холдин АГ и КО (ProCredit Holding AG & Co. KGaA). Додадени на иницијалните 3,6 отсто запишан влог во 2018 година, ова ќе го зголеми влогот на ЕБОР на 8,7 отсто. Како дел од трансакцијата, ЕБОР ќе превземе 9,9 отсто од влогот во управителната компанија, ПроКредит Генерал Партнер АГ (ProCredit General Partner AG). ЕБОР ќе стане клучен акционер во ПроКредит Групацијата, заедно со Зеитингер Инвест (Zeitinger Invest), КфВ (KfW), Доен Партисипејтс (Doen Participaties) и ПроКредит Вработени Инвест (ProCredit Staff Invest). Делот на секој ентитет ќе биде превземен во приватна билатерална трансакција од Меѓународната Финансиска Корпорација (International Finance Corporation - IFC). Завршувањето на трансакцијата е предмент на регулаторни одобрувања, секаде каде што истото е релевантно.

## Цели на проектот

Инвестицијата ќе ја поддржи ПроКредит Холдинг да премине во акционерска компанија, истовремено сочувувајќи ја својата ориентација на влијание, како што беше најавено од ПроКредит Холдинг, во Октомври 2022 година. Исто така, ЕБОР ќе ја поддржи деловната стратегија на Групацијата, нејзиното управување и ќе соработува со ПроКредит во натамошните напори за подобрување на деловни пракси поврзани со ублажување на ефектот од климатските промени и

усогласување на деловните и финансиските текови, согласно целите од Парискиот Договор.

# Влијание врз транзицијата

ЕТИ резултат: 69

Проектот поддржува **Добро-управувани** и **Отпорни** квалитети на транзицијата:

- **Добро-управувани**: ЕБОР е нов клучен акционер, кој поддржува владеење, стратегија и премин на ПроКредит Холдинг во отворена акционерска компанија. Дополнително, проектот ќе и помогне на ПроКредит Холдинг во унапредување на деловните пракси поврзани со климатските промени.
- **Отпорни:** Проектот ќе ја поддржи Групацијата преку финансирање на мали и средни претпријатија (МСП) долж Централна и југо-источна Европа.

# Информации за клиентот

Кредит Холдинг АГ и Ко. КГаА (Credit Holding AG & Co. KGaA) е партнерство ограничено со инкорпорирани акции во Германија (КГаА). Таа претставува развојно ориентирана банкарска групација, која се фокусира на финансирање на МСП, со присуство во преку 12 банкарски подружници, со фокус на Централна и Источна Европа. ПроКредит Холдинг се котира на Франкфуртската Берза (Frankfurt Stock Exchange-FSE) од Декември 2016 година и претставува долгорочен клиент на ЕБОР.

## Додадена вредност

- **Намалување на ризикот:** Долгорочните релации на ЕБОР со клиентот, му пружаат удобност да биде подготвен да превземе поголем ризик и/или финансирање и помош за ублажување на ризиците од управување со климатските активности, како што е подобрување на интерното корпоративно управување со климатските ризици.
- **Поставување на стандард:** ЕБОР ќе го поддржи корпоративното владеење на клиентот, вклучувајќи подобрување со управувањето на климатскиот ризик.

# Еколошко и социјално резиме

Категоризирана Финансиска институција (ЕСП 2014). ПроКредит Холдинг ќе треба да биде усогласен со Проектните барања (ПБ) 2, 4 и 9, како и понатаму да ги имплементира и да биде усогласена со релевантните Еколошки и социјални (ЕиС) Процедури на ЕБОР. Одделот за еколошки и социјални аспекти, врши мониторинг на постоечката изложеност на ПроКредит Холдинг и подружниците, кои покажаа усогласеност со ЕиС барањата на ЕБОР, вклучувајќи доказ од Одделот за човечки ресурси и важечките политики и процедури на ЕСМС, кои се усогласени со РБ на ЕБОР под реден број 2,4 и 9. Со оглед на природата на поддржаните активности, од проектот ќе се очекува да: (i) продолжи да имплементира процедури за да обезбеди дека сите инвестиции од страна на подружниците, се проверени и обработени со цел да се избегнат активности на

поддршка за ЕБОР ЕиС Списокот на исклучоци; (ii) имаат поискусен менаџмент или квалификувани лица кои ќе управуваат со и ќе ги имплементираат ЕиС процедурите; (iii) ќе продолжат да обезбедат услови дека системите и политиките се согласно Барањата за работење на ЕБОР под реден број 2,4 и 9, во сите подружници и (iv) ќе продолжат да доставуваат Годишни ЕиС Извештаи согласно барањата на ЕБОР.

# Техничка соработка и финансирање со грант

Нема.

# Информација за компанијата клиентот

Тим за врски со инвеститори
(Investor Relations Team)
PCH.ir@procredit-group.com

Телефон : +49 69 951 437 300
https://www.procredit-holding.com/

ПроКредит Холдинг АГ и Ко. КГаА
(ProCredit Holding AG & Co. KGaA)

Рохмерплац 33-37, 60486 Франкфурт на Мајна, Федерална Република Германија
(Rohmerplatz 33-37, 60486 Frankfurt am Main, Federal Republic of Germany)

# Резиме на имплементација

# Ажурирање на Резимето на проектот

17 Март 2023 година

# Поврзани материјали

- Превод: ПроКредит Банка акционерски капитал (Украински), Translation: ProCredit Bank equity (Ukrainian)
  Type: PDF, Published: 02.05.2024, Language: Ukrainian

# Разбирање на транзицијата

Натамошни информации во врска со пристапот на ЕБОР кон влијанието врз транзицијата, може да се проверат тука.

# Деловни можности

За бизнис можности или набавки, контактирајте ја компанијата клиент.

За бизнис можности со ЕБОР (кои не се поврзани со набавка) контактирајте нé на:

Телефон: +44 20 7338 7168

Електронска адреса: projectenquiries@ebrd.com

За проектите на Банката со државниот сектор,  посетете ја веб страната Набавки на ЕБОР:

Телефон: +44 20 7338 6794

Електронска адреса: procurement@ebrd.com

# Општи прашања

За сите прашања околу проектите, можете да не контактирате преку онлајн Образецот за прашања за ЕБОР.

# Еколошки и социјални политики (ЕСП)

ЕСП и релевантните Барања за работење (БР) ги воспоставуваат практиките преку кои ЕБОР ги имплементира обврските за промовирање на „еколошки стабилен и одржлив развој”. ЕСП и БР вклучуваат специфични одредби за клиентите, кои треба да ги следат, заедно со применливите барања од локалните закони за јавно информирање и консултациите, како и воспоставување на механизми за жалба кои треба да ги добијат и да изнајдат решение за забелешките и поплаките на клиентите и засегнатите страни, особено за еколошкото и социјалното работење на клиентот и самиот проект. Пропорционално со природата и рамката на проектниот еколошки и социјален ризик и влијание, ЕБОР дополнително бара неговите клиенти да објават информации, согласно релевантните пракси, кои се поврзани со ризиците и влијанијата кои се појавуваат во проектите, да превземат разумни консултации

со учесниците во проектот, и да ги разгледаат и да одговорат на поставените прашањата.

Повеќе информации за праксите на ЕБОР поврзани со оваа проблематика може да пронајдете тука.

# Интегритет и усогласеност

Канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност (КГСУ) на ЕБОР, промовира добро владеење и обезбедува услови за имплементирање на највисоките стандарди на интегритет за сите активности на Банката, согласно најдобрите меѓународни пракси. Проверката на интегритетот се врши на сите клиенти на Банката, со цел да се обезбедат услови проектите да не претставуваат неприфатлив ризик за интегритетот или репутацијата на Банката. Банката верува дека идентификувањето и разрешувањето на проблемите во фазите на одобрување на проектот, се најефикасни средства за обезбедување на интегритетот на трансакциите на Банката. КГСУ игра клучна улога во овие заштитни напори, но помага и во мониторинг на ризиците поврзани со интегритетот на проектите во пост-инвестициската фаза.

КФСУ е одговорна и за испитување на обвинувањата за измама, корупција и лошо владение во проектите кои се финансирани од ЕБОР. Било кој во или вон Банката, кој се сомнева дека има измама или корупција, треба да достави писмена забелешка до канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност, на електронска адреса на compliance@ebrd.com. Сите работи кои ќе бидат пријавени, ќе бидат обработени од страна на КФСУ и ќе следи соодветна активност. Сите пријави, вклучувајќи ги и анонимните, ќе бидат разгледани. Приговорите може да бидат поднесени на било кој јазик кој се користи во Банката или јазик во земјите каде Банката има свои канцеларии. Доставените информации мора да бидат за општа добра намера.

# Пристап до Политика на информации (ППИ)

ППИ пропишува како ЕБОР ги објавува информациите и се консултира со учесниците во проектот, со цел да промовира подобро спознавање и разбирање на стратегиите, политиките и проектите, следствено нивното стапување на сила од 1 јануари 2020 година. Ве молиме проверете на овој линк - Пристап до политики за информирање, за да дознаете кои информации се достапни на веб страната на ЕБОР.

Посебни барања за информации може да се доставаат преку Формуларот за прашања за ЕБОР.

# Независен механизам на приговори за проектот (НМПП)

Доколку справувањето со забелешките на клиентите или Банката, околу еколошките, социјалните и јавните објави на информации не се успешни (на пример, преку механизмите на жалба на ниво на клиент - проект или преку директна интеракција со менаџментот на Банката), поединците и организациите може да бараат нивните забелешки да се разгледаат преку релевантниот независен механизам на приговор за проекти на ЕБОР, креирани за оваа намена.

НМПП независно ги разгледува аспектите на Проектот кои се верува дека предизвикале (или има веројатност дека ќе предизвикаат) штета. Целта на механизмот е да поддржи дијалог помеѓу учесниците во Проектот во разрешување на аспектите од еколошки, социјални и јавни објави на информации; да определи дали Банката ги испочитувала еколошките и социјалните политики или одредбите кои се поврзани со проектот, во однос на Пристапот до политиките на информирање, и онаму каде што е релевантно, да се справи со било кои постоечки неусогласености со овие политики, истовремено спречувајќи идни неусогласувања со Банката.

Посетете ја веб страната Независен механизам за проектната отчетност (НМПО) за да дознаете повеќе за активностите и мандатот на истиот. Можете да поднесете барање за ревидирање или директно да го контактирате НМПО на електронската адреса ipam@ebrd.com за да добиете упатства и повеќе информации за НМПО и за начинот на поднесување барање.